# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ИСТОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТА НА ГЕРМАНСКИТЕ НАРОДИ И АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1902-151/3 од 25.6.2018 година донесена на 176. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 25.6.2018 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на *еден асистент* за научните области *историја на книжевноста на германските народи и англистика* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Комисијата работеше во следниот состав:

- проф. д-р Соња Витанова-Стрезова – претседател, редовен професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- проф. д-р Нина Даскаловска – член, вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- м-р Снежана Кирова – член, виш лектор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 14.6.2018 година и во предвидениот рок се пријавија двајца кандидати: **м-р Кристина Костова** и **м-р Александра Јурукоска.**

По разгледувањето на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека документите на м-р Александра Јурукоска се некомплетни, односно недостасуваат препораки од двајца професори и од претходен работодавач (доколку кандидатот бил вработен), според условите на Конкурсот.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, м-р Кристина Костова, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Кристина Костова** е родена на 23 септември 1987 година во Штип. Основно образование завршува во ОУ „Тошо Арсов“ во Штип со одличен успех, при што се стекнува со три први награди на општински натпревари за рецитирање и со прва награда на регионален натпревар по англиски јазик. Средно образование завршува со одличен успех во 2006 година во СОУ „Славчо Стојменски“ во Штип, каде што е соработничка и колумнистка во училишниот весник „Авакс“. За време на средното образование станува соработничка во националниот медиум Радио мрежа „Канал 77“, каде што во периодот од 2005 до 2013 година е водителка на повеќе емисии поврзани со културата.

Во академската 2006/2007 година се запишува на студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на Катедрата за англиски јазик и книжевност. На 31 јануари 2011 година го завршува полагањето на пропишаните испити на додипломските студии со средна оценка 8,35 и се стекнува со право на стручен назив дипломиран професор по англиски јазик и книжевност.

Во академската 2011/2012 година се запишува на втор циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на студиската програма наука за книжевност, модул англиска книжевност. Магистрира на 24 март 2017 година со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Форми на субверзија на женските ликови против патријархалните норми во англиската ренесансна драма (Шекспир, Марлоу, Вебстер и Џонсон)“ со просечна оценка 10,00 и се стекнува со научен назив магистер по филолошки науки во областа наука за книжевност.

Од февруари 2011 година до август 2011 година работи како професор по англиски јазик во ООУ „Страшо Пинџур" во Карбинци. Својот понатамошен работен ангажман го продолжува како професор по англиски јазик во приватното училиште „Силабус" во Штип. Од декември 2017 година е советничка за средно образование во Општина Штип и консултантка за комуникации.

Својот научноистражувачки труд „Наративниот дискурс во романот *Искупување на Ијан Мекјуан"* го објавува во седумдесеттото издание на меѓународното списание за литературна наука „Спектар".

Од 2012 година до денес учествува на повеќе курсеви, школи и проекти како што се: регионалниот курс во организација на *Friedrich Ebert Stiftung* и *Alfred Mozer Stichting,* проектот „Живи библиотеки: архиви на граѓанска непослушност", школата „Култура и политика" организирана од ФООМ, како и проектот КУЦ „Текстил" во Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци и приложената документација и во согласност со Законот за високото образование, со Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски гласник бр. 33 од јуни 2015 година), Комисијата со задоволство констатира дека кандидатката м-р Кристина Костоваво целост ги исполнува сите суштински и законски критериуми за избор во звање *асистент*.

Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип кандидатката **м-р Кристина Костова да биде избрана за асистент за научните области *историја на книжевноста на германските народи и англистика* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Соња Витанова-Стрезова, редовен професор, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Нина Даскаловска, вонреден професор, член, с.р.**
**М-р Снежана Кирова, виш лектор, член, с.р.**